РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 57/6
27.05. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 72 седница одржана на 28.02.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Дентална медицина", прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за дентална медицина при Европски Универзитет - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Дентална медицина", прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за дентална медицина при Европски Универзитет - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС кредити и со стручен назив: Доктор по дентална медицина /во меѓународен промет, стручен, назив: Doctor of dental medicine. Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: 304 Стоматологија, Научно – истражувачка област: општа стоматологија (детални развојни процеси, кариологија, ендодонција, фокална инфекција), 30401 – превентивна стоматологија, 30402 – детска стоматологија, 30403 – ортодонција, 30404- дентална патологија, 30405 – орална патологија, 30406 - парадонтологија, 30407 - протетика, 30408- орална хирургија, 30409 – максилофацијална хирургија, 30410 – реставративна стоматологија, 30411 – денто-фацијална трауматологија, 30412 – дентални материјали, 30413 - имплантологија, 30414 - дентална радиологија, 30415 – генетски основи во стоматологија, 30416 – друго.
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 220 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-46/1 од 10.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Дентална медицина", прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за дентална медицина при Европски Универзитет - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-174/1 од 30.01.2024 година (наш бр. 08 -57/1 од 30.01.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 70-та седницата одржана на 18.01.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 57/3 од 01.03.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 72-та седница одржана на 28.02.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски